# Општина Кочани

Ул.„Раде Кратовче“ бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

Врз основа на чл. 50, ст. 1, т. 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и Одлуката за распишување оглас за организирање Петровденски хепенинг по пат на јавно наддавање бр.08-1264/3 од 28.06.2023 година, Комисијата за организирање Петровденски хепенинг по пат на јавно наддавање распишува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 08-1264/3
28.06. 2023 год.
КОЧАНИ

## ОГЛАС

за организирање Петровденски хепенинг по пат на јавно наддавање

1. Петровденски хепенинг ќе се одржи на целата парцела на Градскиот парк во Кочани.
2. Петровденски хепенинг ќе се одржи во периодот од 07.07.2023 год. до 14.07.2023 год.
3. Почетната цена за јавното наддавање изнесува 5 000,00 ден. + ДДВ, со праг на наддавање од минимум 1.000,00 ден.
4. Јавното наддавање ќе се спроведе на 03.07.2023 год. во 12:00 часот во просториите на Општина Кочани, ул.„Раде Кратовче“ бр. 1, Кочани.
5. Право на учество на јавното наддавање имаат сите правни субјекти регистрирани во Централен регистар, кои ќе уплатат 10 % од почетната цена за лицитација до почетокот на самата лицитација.
6. Како доказ да се достават Тековна состојба не постара од 6 (шест) месеци и доказ за активна трансакциска сметка.
7. Уплатата ќе се врши на жиро-сметката 736014044463010 – Буџет на Општина Кочани, приходна шифра 725 939, 100000000 63095 НБРМ.
8. На јавното наддавање потребно е да учествуваат минимум двајца учесници – правни лица.
9. Во случај да не успее јавното наддавање, веднаш ќе се објави нов оглас за јавно наддавање, на кое доколку се јави и еден учесник, ќе биде реализирано.
10. Постигнатата цена најповолниот понудувач има обврска да ја уплати на сметката на Општина Кочани, истиот ден по завршување на лицитацијата.
11. Општина Кочани ќе склучи Договор со најповолниот понудувач, во кој подетално ќе бидат дефинирани правата и обврските на двете договорни страни.
12. Општина Кочани ќе има обврска да ја исчисти и подготви локацијата за непречено организирање на Базарот, да обезбеди украсување на просторот во Градскиот парк, да обезбеди струја, санитарни јазли што ќе ги одржува и за време на настанот и редовно да го чисти просторот од отпадоци.
13. Обврска на закупецот е да обезбеди минимум 8 монтажно-демонтажни објекти и штандови изработени од дрво или

Општина Кочани
Ул.„Раде Кратовче“ бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

плексиглас, за продажба на: храна, крофни и палачинки, кафе и пијалаци, сувенири, ракотворби и детски играчки и сл.

14. Обврска на закупецот е да ги издава монтажно-демонтажни објекти и продажни штандови согласно законските прописи и да организира културно забавни настани.
15. Закупецот има обврска да изготви документи согласно Законот за комунални такси и Законот за административни такси.
16. Монтажно-демонтажните објекти што ќе бидат поставени да имаат можност да работат од 10:00 до 24:00 часот, секој ден во периодот од 07.07.2023год. до 14.07.2023 год.

Претседател на Комисијата
Голубинка Георгиева

_______________________